# Сексуалната ориентација и медиумите

Истражување на мислењето на публиката во Република Македонија (2017) - достапно на avmu.mk во делот Публикации




- Сметаат дека темите кои се однесуваат на ЛГБТИ лицата воопшто ги нема, или пак се недоволно застапени на домашните канали.




- ЛГБТИ лицата на домашните медиуми се дискриминираат, се исклучуваат или се исмеваат.




- Во ТВ програмите се поттикнува нетрпеливост кон ЛГБТИ лицата.




- Сметаат дека е важно овие теми да бидат застап`1ени на ТВ. Ист процент испитаници смета дека тоа воопшто не е важно.

**Како е претставена хомосексуалноста на домашните медиуми?**

Болест
- ДА - **26%** • НЕ - **32%**

Нормална сексуална ориентација
- ДА - **15%** • НЕ - **44%**

Опасност по наталитетот
- ДА - **26%** • НЕ - **29%**

Опасност по општествените вредности
- ДА - **28%** • НЕ - **29%**

**Дали ви пречи кога ЛГБТИ лицата во медиумите се претставени како:**

Психички болни личности
- ДА - **30%** • НЕ - **32%**

Нормални личности
- ДА - **24%** • НЕ - **38%**

Опасност по семејните вредности
- ДА - **26%** • НЕ - **33%**

**Што најмногу им пречи на гледачите на домашните ТВ програми?**

| | |
|---|---|
| 66% | **Им пречат** сцени во кои **двајца мажи** се држат за рака. |
| 63% | **Им пречат** сцени во кои **две жени** се држат за рака. |
| 82% | **Не им пречат** сцени во кои **маж и жена** се држат за рака. |
| 77% | **Им пречат** сцени во кои **двајца мажи** се бакнуваат. |
| 71% | **Им пречат** сцени во кои **две жени** се бакнуваат. |
| 73% | **Не им пречат** сцени во кои **маж и жена** се бакнуваат. |
| 76% | **Им пречат** интимни сцени со **двајца мажи.** |
| 56% | **Им пречат** интимни сцени со **две жени.** |
| 47% | **Не им пречат** интимни сцени со **маж и жена.** |

| | |
|---|---|
| 56% | Им пречи хомосексуалец/ка како главен лик во ТВ серија. |
| 58% | Им пречи хомосексуална двојка во ТВ серија. |
| 48% | Им пречи хомосексуалец/ка како презентер на вести. |
| 45% | Им пречи ТВ дебата посветена на правата на ЛГБТИ лицата. |

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Социо - демографски показатели

Интервјуа лице-в-лице на територијата на Република Македонија, на репрезентативен примерок од 1030 испитаници над 16 години.

**тип место на живеење:**

урбано - **82%**

рурално - **18%**

**пол:**

**49,9%** жени

мажи **50,1%**

**возрасни групи:**

- 16-19 год. - **7%**
- 20-24 год. - **9,2%**
- 25-29 год. - **11%**
- 30-34 год. - **12%**
- 35-39 год. - **6%**
- 40-44 год. - **9%**
- 45-49 год. - **7,4 %**
- 50-54 год. - **7,4%**
- 55-59 год. - **8%**
- 60-65 год. - **11%**
- над 65 год. - **12%**

**образование:**

- незавршено основно и основно - **7%**
- средно - **56%**
- вишо и високо - **33%**
- повеќе од високо (м-р, д-р) - **4%**

Генерално, одговорите „Не знам/Без одговор" се застапени од 32% до 45%.
На директните прашања за конкретни сцени во кои хомосексуални парови искажуваат љубов, нивната застапеност се намалува на 6% до 14%.

На мажите во најголем процент им пречат сцени со машки хомосексуални двојки, на жените пак најмногу им пречат сцените со женски хомосексуални двојки.

Кај испитаниците од 20 до 24 години се јавува најголемиот процент негативни ставови кон ЛГБТИ лицата и хомосексуалните двојки во ТВ сериите, кон ЛГБТИ лицата како презентер(к)и на вести, дебатите посветени на ЛГБТИ правата и интимните сцени помеѓу двајца мажи.

На испитаниците од руралните средини повеќе им пречат интимните хетеросексуални и хомосексуални сцени, отколку на испитаниците од урбаните средини.



На жените, во споредба со мажите, повеќе им пречи кога ЛГБТИ лицата во медиумите се претставени како болни или опасност по наталитетот/ општествените вредности. Од друга страна, на мажите помалку им пречи кога хомосексуалноста е претставена како нормална сексуална ориентација.

Испитаниците со недовршено основно или со основно образование во најголем процент се изјасниле дека им пречат сцени во кои две жени се држат за рака и интимни сцени меѓу нив, како и ЛГБТИ лицата и хомосексуалните двојки во ТВ сериите, ЛГБТИ лицата како презентер(к)и на вести и дебатите посветени на ЛГБТИ правата.

Сцените во кои двајца мажи се држат за рака, интимните сцени меѓу нив, како и прикажувањето две жени кои се бакнуваат, најмногу им пречат на испитаниците со средно образование. Поголем дел од испитаниците со вишо и високо образование, негативно се изјасниле за сцените во кои двајца мажи се бакнуваат.